УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# Обележување на Европскиот ден на јазиците



Низ Европа, 800 милиони Европејци, кои се застапени преку 47-те земји членки во Советот на Европа, се поттикнати да учат што повеќе јазици, во кое било време, на училиште или надвор од него.

Убедени дека јазичната разноликост претставува алатка за постигнување на поголемо интеркултурно разбирање и е клучен елемент во богатото културно наследство на нашиот континент, **Советот на Европа промовира повеќејазичност во цела Европа. Советот во 2001 година одлучи Европскиот ден на јазиците да се слави на 26 септември секоја година.**

**Познавањето на странските јазици и култури претставувало отсекогаш насушна потреба за секое развиено општество. Затоа аспирациите да се биде дел од ЕУ претпоставуваат една важна културна задача, познавањето на барем два странски јазици.**



# 26 интересни факти за англискиот јазики другите јазици низ светот

1. Околу 700 милиони луѓе го зборуваат англискиот јазик како странски јазик.
2. Во светот постојат 6000-7000 јазици расподелени во 189 независни земји.
3. Најмалку половина од луѓето во светот се полиглоти.
4. Многу јазици во светот имаат по 40-50000 зборови.
5. Во секојдневието употребуваат само 100тина зборови.
6. Познавањето повеќе јазици значи поголема можност за вработување.
7. Јазиците се во постојана интеракција – англискиот јазик позјмил многу зборови од други јазици во минатото.
8. Денес многу јазици позајмуваат зборови од англискиот.

9. Јазиците се поврзани меѓу себе како фамилија. Повеќето европски јазици припаѓаат на големата индоевропска фамилија.
10. Повеќето европски јазици припаѓаат на германската, романската или словенската група на јазици.
11.  Македонскиот јазик припаѓа на словенската група заедно со рускиот, белорускиот, украинскиот, полскиот, српскиот, бугарскиот хрватскиот итн.
12. Многу држави во Европа имаат регионални или јазици на малцинствата, а некои од нив имаат и официјален статус.
13. Русија има најголем број на јазици кои се зборуваат на нејзина територија, 130-200 во зависност од критериумите.
14. Поради големиот број на бегалци и доселеници, Европа стана мултијазична.
15. Само во Лондон се зборуваат минимум 5 различни јазици.

16. Неевропски јазици кои се користат на европска територија се арапскиот, кинесиот и хунду јазикот, секој со посебен систем на пишување.
17. Во светот на секои 15 минути исчезнува по еден јазик, па затоа поколенијата треба да водат поголема грижа за својот мајчин јазик.
18. Вилијам Шекспир е вториот најцитиран писател во англиската литература. Тој донел 3.000 нови зборови во англискиот јазик.
19. Окото на Лондон, или *The London Eye* е највисокото место за набљудување во светот. Со цел да може подобро да се набљудува, окото на Лондон се врти, а секоја негова ротација трае триесетина минути.
20.Поштенските марки во Велика Британија се единствени во светот кои не го содржат името на државата.

21. Околу 26% од вокабуларот во англискиот јазик е со германско потекло, 4% од лични имиња, 29% од латинско потекло, 29% француско, 6% од зборовите во англискиот јазик имаат грчко потекло и уште 6% од останати јазици.
22. Битлсите се најпознат англиски бенд во историјата, со 6 дијамантски, 24 мултиплатинести, 39 платинести, 45 златни албуми и 27 хитови број еден.
23. Во Англија има над 30.000 луѓе кои се викаат Џон Смит.
24. Една легенда вели дека ако одлетаат гавраните кои стојат на кулата во Лондон, ќе падне британското кралство.
25. Светски познатото име *Big Ben* не се однесува на часовникот туку на едно од ѕвончињата.
26. Во 1945, јато птици слетало на стрелките на познатиот часовник, враќајќи го времето 5 минути назад.

Со познавање и зборување странски јазици, најмалку два, светот ви е на дланка и станувате член на глобалното село како што светот денес се нарекува и кон кој сите ние се стремиме.

Затоа, не губете време! Учете странски јазици!

Меѓукултурната комуникација придонесува за зближување на различните народи и прифаќање на секакви стереотипи без да ги судиме. Тоа всушност овозможува секој поединец каде и да е, полесно и поедноставно да се вклопи во општеството и критериумите кои истото ги налага за да биде поблиску до останатите





Подготвено од проф. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска